# ООУ„ ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ ОПШТИНА КАРПОШ

# ГРАД СКОПЈЕ




***<u>САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД</u>***

***<u>ОД 2022-2023 ДО 2023-2024 ГОДИНА</u>***

## УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

(формирана на седница на УО и реализирана на 18.10.2023 со дел.бр. 02-623/4)

1. Љупка Миленковиќ - наставник ментор/ наставник по географија
2. Катерина Костовска – одделенски наставник
3. Анета Ристовска – одделенски наставник
4. Никола Панчевски – наставник по физичко и здравствено образование
5. Љупчо Милошевски – член од Совет на родители

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Период на самоевалуација | 2022-2024 година |
| Вид на училиште | Основно општинско училиште |
| Основач на училиштето | Општина Карпош |
| Наставен јазик | македонски |
| Претседател на Училишен одбор | проф.д-р. Александра Груевска Дракулеска |
| Директор на училиштето | Верица Неткова Пројчева |
| Адреса на училиштето | Ул. „Дрезденска“ бр.3 |
| Телефон | 02/ 3066610 |
| Електронска пошта | vojdancernodrinski@yahoo.com |
| Веб страна | https://oouvojdancernodrinski.edu.mk/ |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 129 од ЗОО (Сл.весник на РСМ.бр.161 од 2019 година), Тимот за изготвување самоевалуација формиран од комисијата за самоевалуација на работата на ООУ „Војдан Чернодрински“ - Карпош за периодот од 2022 до 2024 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето.

Во текот на работата на самоевалуација на училиштето

- тимовите остварија средби и разговори со сите вработени во училиштето.

-се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци.

- беа спроведени анкети со учениците, наставниците, директорот, стручната служба и родителите.

сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата 2022-2024 беа користени Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти во сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Воочените слабости ќе бидат мотив сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат и зајакнуваат и да се зголемува нивниот број.

Извештајот од Самоевалуација 2022/2023 и 2023/2024

Ова оценување претставува збир на целокупната анализа на состојбата и работа во училиштето, која е добиена од четирите подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето во изминатите две години:

1. Планирање, настава и учење;

2. Постигања на учениците;

3. Училишна клима и односи во училиштето;

4. Управување, раководење и креирање политики.

Квалитетот на анализираните теми и области е евалуиран на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената проценка изведени се заклучоци каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите најзначајни постигања. Придонес за ова самооценување имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

По спроведенета самоевалуација воочени се слабите страни сумирани од четирите подрчја и комисијата ги дава следниве препораки:

Обезбедување на поголем избор на ресурси и материјали за работа на часовите; Овозможување на реализација на наставата со дигитални уреди во предметна настава; Користење на дигитална библиотека (од подрачје 1).Обезбедување на поголем избор на ресурси и материјали за работа на часовите; Овозможување на реализација на наставата со дигитални уреди во предметна настава; Користење на дигитална библиотека.(подрачје 2). Поголема вклученост на родителите се со цел да се зголеми меѓусебното почитување наставник-родител. Поголема транспарентност на родителите преку веб страната на училиштето за воспитно-образовната работа. Зголемување на нивото на одржување на хигиената во училиштето (програма 3). Поголемо вклучување на родителите- членови на Советот на родители и Училиш. одбор во воспитно-образовната работа на училиштето. Обезбедување на училиштето со ИКТ опрема (смарт табли, лаптопи, комјутери, таблети). (програма 4)

# ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

| ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| број | индикатор | теми |
| 1.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците • Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | Вonнаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците редовно и навремено изработуваат годишни, тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава, изборни предмети како и дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. Во училиштето во овие две години за разлика од претходно многу поуспешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето дава можност преку анкетирање, учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. Согласно наставните планови и програми во училиштето се планираат и реализираат часови за слободни ученички активности, а се имплементираат и содржини и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето. Училиштето на почетокот на учебната година ги информира и запознава родителите и учениците со наставните планови и програми преку веб страната на БРО и училиштето, преку однапред изготвени брошури од училиштето кои ги добиваат на секој почеток на учебната година. При реализирањето на наставните програми, училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина. Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење разлика меѓу учениците по пол, социјално потекло, етничка и верска припадност.

Преку воннаставните активности учениците се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните претприемнички и други вештини. Учениците своите постигнувања од воннаставните активности ги афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, како и со учество во детски емисии („Голем одмор“- МРТ), квизотеки, детски списанија...

Наставниците редовно интегрираат содржини со примена на ИКТ. Современиот начин на живот веројатно ги мотивирало учениците да се изјаснат дека е потребно уште поголема примена на ИКТ во наставата. Наставните содржини и активности во рамките на проектот за „МИО“ се реализираат во рамките на редовната настава и воннаставните активности. Со цел унапредување на воспитно-образовната работа редовно се разменуваат искуства преку соработка со други училишта на ниво на општина, држава, како и на меѓународно ниво.

Наставниците користат разновидни методи, форми и техники на часовите како и наставни средства и помагала, со што се овозможува секој ученик да напредува согласно индивидуалните можности и способности. Сепак на тврдењето дека „Училиштето е опремено со стручна литература, наставни средства и помагала“, 54,84 % од родителите се изјасниле дека делумно се согласуваат и 17,74 % дека не се согласуваат.

Сепак наставниците се обучени за работа на смарт таблите, примена на ИКТ во наставата, апликации и едукативни образовни софтвери. Во училиштето постои пропишана, интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час најмалку по два пати во полугодие од страна на директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти (протоколи) го следат работењето на наставниците.

Учениците се оценуваат редовно и транспарентно и нивниот успех се соопштува на родителите. Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници

на училиштето кои соработуваат со наставниците.
Училиштето учествува на литературни и ликовни конкурси и на повеќето од нив се освоени високи места. Училиштето учествува на натпревари по повеќе предмети, како и на многубројни спортски натпревари.

**Силни страни**

- Училиштето од страна на учениците и родителите се доживува како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Во училиштето се реализира интегрирана настава;
- Наставниците се обучени и во наставата користат информациско комуникациска технологија согласно наставните содржини, се применуваат соодветни апликации и едукативни образовни софтвери;
- Во училиштето сите ученици со посебни образовни потреби имаат личен асистент;
- Учениците учествуваат на натпревари на кои постигнуваат високи резултати;

Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.

**Слаби страни**

- Училиштето не располага со сензорна соба, како и со доволно наставни средства и помагала, потребни за реализирање на наставата;
- Училиштето има недостаток на смарт табли во предметна настава;

Во библиотека има недоволен број на лектирни изданија по новата концепција.

**Приоритети**

- Обезбедување на поголем избор на ресурси и материјали за работа на часовите;
- Овозможување на реализација на наставата со дигитални уреди во предметна настава;

Користење на дигитална библиотека.

# ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| број | индикатор | теми |
| 2.1 | Постигања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. На ниво на училиште се изработува распоред за реализација на овие програми. Постигањата на децата со посебни образовни потреби се вреднуваат согласно индивидуалниот образовен план и целите во изготвените образовни планови за работа со овие ученици.

Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.

Во училиштето се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација.

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот.

Систематски се следи редовноста на учениците, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите. Не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло за изостаноците. Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго. Осипување на ученици во последните години не се бележи.

Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците .Преку нив даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со

препораки за подобрување на постигањата на ученикот.

Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечие, свидетелства, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одделение на деветгодишно основно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.

Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавните гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи.

**Силни страни**

- Наставниот кадар професионално ја врши работата и постигнува успех во работата со учениците поради постојаните едукации од низата проекти, вебинари, семинари и советувања во кои учествуваат;
- Поради континуираните едукации, средби, размена на искуства, планирање на оценувањето во рамките на Годишната програма е ставено како приоритет;
- Во училиштето се врши следење и давање на потребната помош на учениците со ПОП од страна на дефектолог и образовни асистенти;
- Училиштето врши редовно следење и изготвување на анализи и извештаи за постигањата на учениците по класификациски периоди;
- Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување усогласени со националните стандарди.
- Учениците учествуваат на општински, регионални и републички натпревари и постигнуваат забележителни резултати за што сведочат бројните награди, пофалници, признанија и дипломи;
- Во училиштето се реализира настава која ги задоволува високите критериуми на родителите и учениците.
- Врз основа на квалитетната настава учениците постигнуваат високи резултати
- Во училиштето постои установен систем на оценување.
- Училиштето организира додатна настава за да им овозможи на учениците да ги развиваат своите потенцијали
- Редовно се организира дополнителна настава за учениците кои послабо напредуваат во наставата
- Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата
- Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето
- .По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните години.
- Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје во работата со децата со посебни потреби
- Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца

**Слаби страни**

- Во училиштето не постои пропишана процедура за идентификација и анализа на причините за повторување на учениците во една учебна година;

| |
|---|
| • Училиштето има програма, но нема доволно развиен систем на наградување на учениците , нивните ментори и нивно промовирање<br><br>• Постои потреба од подетално обучување на наставниците за користење на е алатки за оценување;<br><br>• Мал број од учениците и родителите се изјасниле дека не се запознаени со критериумите на оценување |
| **Приоритети**<br><br>- Да се изгради систем за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси.<br>- Подобрување на постигањата по одредени предмети кај учениците од седмо одделение и осмо одделение. |

# ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | | |
|---|---|---|
| број | индикатор | теми |
| 3.1 | Училишна клима | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

Опис/резиме на подрачјето

Согласно ресурсите со кои располага, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците. Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците. Училиштето има Кодекс на однесување кој се однесување на сите структури:ученици, вработени (наставници,стручни соработници, технички персонал) и родители.Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.Во неговата изработка учествуваат претставници од сите структури. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки и на учениците и родителите. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето Училиштето има изготвено Правилник за наградување на учениците. Сите ученици кои покажуваат одредени резултати се мотивираат со соодветна награда.Во училиштето се реализираат многу интерни проекти, Како Училиштето место за “Љубов и соработка“, “ Големите ученици им помагаат на помалите,, , “Ненасилно однесување“преку кои се поттикнуват учениците за почитување, емпатија љубов и соработка. Ученичкиот парламент на училиштето кој го сочинуваат претставници на ученичките заедници на паралелките работи согласно Правилникот и програмата за работа и се состанува секој месец.На состаноците учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање проблеми кои се од нивен интерес.

Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува,како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво и за тоа има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори.

Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Учениците се запознаваат со нивните права и начините на кои истите можат да ги практикуваат и заштитуваат.На родителите на учениците исто така им е овозможено да се запознаат со

правата на нивните деца преку документацијата која училиштето ја има и промовира. Постои соработка со родителите и наставиците, како и стучната служба во училиштето, со цел поттикнување правилен развој на нашите деца која се остварува преку разноврсни средби, советувања, разговори , и договори.Триаголникот наставник-родител ученик во нашето училиште е на завидно ниво.Преку разновидни активности, а посебно преку активностите од проектот за “Меѓуетничка интеграција во образованието“ учениците имаат можност да се запознаваат и да ги почитуваат како сопствената,така и традицијата и културата на другите етнички заедници во Р.С Македонија.
По извршената анализа на резултатите може да се согледа дека наставниците во нашето училиште планираат и реализираат родителски средби и детално ги информираат родителите за учениците и активностите на училиштето. Секој наставник планира и реализира еднаш неделно приемен ден за родители каде родителите добиваат исцрпни информации за се она што ги интересира во врска со нивното дете. Распоредот за приемен ден на секој наставник е огласено на информативната табла, која се наоѓа во холот на училиштето, каде секој заинтересиран може да се информира. За работата и активностите на Училишниот Одбор и Советот на родители, родителите се запознаваат преку извештаите на нивните претставници .Родителите се вклучени во воспитно-образовниот процес. Вклучени се и во базарите и хуманитарните акции на училиштето. Училиштето е транспарентно за родителите. Веб страната на училиштето редовно се ажурира. Училиштето соработува и со локалната средина, односно со: Локалната самоуправа и Градоначалникот, МОН, БРО, МВР, Здравствен дом, Културни институции, Црвен крст, Невладини организации, други воспитно-образовни институции итн.
Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа и таа соработка е взаемна. Во рамките на своите можности локалната заедница и бизнис секторот помогаат во остварувањето на потребите на училиштето, а се во интерес на учениците.

## Силни страни

**Силни страни**

- Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците
- Кодексот на однесување е донесен и прифатен од сите структури во училиштето
- Наставниците ги поттикнуваат учениците кон повисоки постигањата
- Наставниците меѓусебно се почитуваат и соработуваат
- Правилникот за изрекување педагошки мерки доследно се почитува
- Училиштето постигнува завидни резултати на натпревари на знаења и натпревари во вонннаставни активности
- Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори
- Наставниците не прават разлика помеѓу учениците со различни способности, различна етничка припадност и во однос на полот
- Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите
- Постои взаемна меѓуетничка и мултикултурна соработка на учениците и вработените со училишта од општината
- Постои оптимална комуникација, почит и соработка помеѓу наставниците и родителите
- Со години се негува и продлабочува соработката со локалната самоуправа при реализирање на разни културни, спортски и други активности
- Училишниот простор и инфраструктура се безбедни за изведување на наставата. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и

има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди
- Се негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот
- Преку сопствената web I fb страница, преку разни манифестации, како и преку медиумите, училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности
- Организацијата и реализацијата на родителските средби и точно утврденото време на сите наставници за прием на родители
- Информираноста на родителите од страна на наставниците за успехот, дисциплината на учениците и за сите активности на училиштето
- Организација и реализација на Отворен ден и обезбедена просторија за прием на родители
- Учеството на родителите во училишните базари и хуманитарните акции што ги организираучилиштето
- Транспарентноста кон родителите
- Соработката на училиштето со деловната, општествената и локалната заедница

Учениците се прифатени и почитувани од своите наставници, и останатите ученици, можат да побараат помош во секое време за решавање на проблем.

**Слаби страни**

- Постои делумно взаемно почитување помеѓу наставниците и родителите.
- Слабата транспарентност на родителите преку веб страната на училиштето за воспитно-образовната работа
- Потребно е подобро и поквалитетно одржување на хигиената во училиштето.

**Приоритети**

- Поголема вклученост на родителите се со цел да се зголеми меѓусебното почитување наставник-родител.
- Поголема транспарентност на родителите преку веб страната на училиштето за воспитно-образовната работа
- Зголемување на нивото на одржување на хигиената во училиштето

# ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

| ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ | | |
|---|---|---|
| број | индикатор | теми |
| 4.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>Управување и раководење со ресурсите<br>Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојното планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

**Опис/резиме на подрачјето**
**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со 22 училници.. Според бројот на училници настава се реализира во две смени.
Во училиштето има библиотека. Учениците често ги користат лектирните изданија и библиотеката.
Наставните средства и помагалаи средствата со кои располага училиштето ги задоволува потребите за ефикасна реализација на
наставата.
Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето
и постигањата на учениците јавно се промовираат во училиштето и локалната средина
За континуирано подобрување на наставата, училиштето организира интерни семинари за наставниците, редовна посета на семинари и редовно одржување на состаноците на стручните активи.
Наставниците добиваат стручна помош од стручната служба.
Училиштето им овозможува стручна помош на наставниците-приправници преку менторство.
Според стручната подготовка на персоналот,сите наставници се со соодветно образование.
Училиштето на почетокот на секоја година изработува прецизен финансиски план за материјално-финансиско работење,
каде што се планираат средствата за сите жиро с-ки на училиштето.
Распределбата на финансиските средства се врши во согласност со приоритетите на учениците и наставниот кадар и
реалните потреби на училиштето вклучувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост
Информациите за финансиското работење на училиштето се добиваат преку разгледување на завршна сметка на посебен
состанок на Училишен одбор и предлагање и разгледување на финансиски план на Училишниот одбор.
Со проектите за меѓуетничка интеграција се обезбедуваат донации од различен вид.

Нашето училиште учествува и во други проекти финансирани од меѓународни организации: УСАИД, ОБСЕ, Европска комисија.
Оваа учебна година нашето училиште примило донации од страна на локалната заедница.

Со училиштето раководат и управуваат Директорот и Училишниот Одбор. Во овие структури правично се застапени членовите од двата пола, а исто така и општествените структури за кои училиштето обезбедува услуги. Сите надлежности и задачи во врска со раководењето јасно се дефинирани и се во согласност со законските прописи. Постои соработка меѓу раководниот тим која се реализира преку редовни состаноци на кои се работи со потребен кворум и се донесуваат одлуки, решенија и акти во согласност со законските прописи и статутот на училиштето. Работата е транспарентна, информациите од состаноците се објавуваат на огласна табла во училиштето, а донесените одлуки секогаш доследно се спроведуваат. За редовноста и присуството на состаноците се грижи претседателот на Училишниот Одбор и директорот на училиштето.

Во раководењето со училиштето покрај директорот учествуваат и наставниците преку активностите на три стручни активи : Стручен актив на одделенска настава,Стручен актив на природно-математичка група предмети и Стручен актив на општествено-јазична група предмети. Придонес во раководењето имаат и Советот на родители , Ученичкиот парламент составен од претставници на учениците од сите паралелки како и сите одделенски раководители на паралелките од одделенска и од предметна настава. Од сите овие структури произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето .

Во училиштето постои интерен документ за правата и одговорностите на учениците и Правилник за изрекување педагошки мерки кој доследно се почитува.
Училишната политика се креира преку активно учество на сите субјекти при изработката на планови и програми за сите наставни и воннаставни активности кои се дел од годишната програма на училиштето. Родителите и учениците за овие активности се известуваат преку состаноците на Советот на родители и Ученичкиот парламент на училиштето.

**Силни страни**

При раководењето во училиштето целосно се почитува Законот за работни односи и Статутот на училиштето

При донесување на одлуки и решенија најчесто постои јасен консензус

Доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки

При изготвување на Планот за развој и Годишната програма за работа на училиштето се земаат во предвид материјално техничките, финансиските и човечките ресурси со кои располага училиштето , како и добиените резултати од спроведенета самоевалуација на училиштето

Просторните капацитети со кои располага училиштето (училници, училишен двор, игралиште...) максимално се користат за изведување на наставата и воннаставните активностиигти задоволува условите за изведување на настава.

Во училиштето се користат наставни средства, аудио визуелна опрема и ИКТ опрема (ЛЦД проектор, смарт табла) за реализација на квалитетна настава.

Училиштето обезбедува стручно усовршување на наставниот кадар и нивниот

| |
|---|
| професионален развој се одвива преку сите видови интерни и екстерни обуки, соработка и размена на искуства .<br>Училиштето обезбедува поддршка на приправниците во училиштето.<br>Во работата на наставниците и учениците се дава поддршка од стручните соработници (педагог и психолог).<br>Во училиштето се реализира проширена програма - продолжен престој има опремено училница за изведување на настава.<br>Соработка со Советот на родители за финансиска поддршка за активностите во Годишната програма.<br>Се организираат интерни семинари за наставниците за стручност во работата.<br>Финансиските средства се вршат во согласност со реалните потреби на училиштето вклучувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.<br>Наставниците,стручните соработници, јавно и транспарентно се запознаени со финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. |
| **Слаби страни**<br>Недоволна вклученост на родителите,(членови на Училишниот Одбор и Совет на родителите) во воспитно-образовната работа во училиштето.<br><br>Опременоста на училиштето со ИКТ опрема (смарт табли, лаптопи, комјутери, таблети) |
| **Приоритети**<br><br>Поголемо вклучување на родителите- членови на Советот на родители и Училиш. одбор во воспитно-образовната работа на училиштето<br>Обезбедување на училиштето со ИКТ опрема (смарт табли, лаптопи, комјутери, таблети). |

**ООУ„ ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ ОПШТИНА КАРПОШ**

**ГРАД СКОПЈЕ**



# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД

# ОД 2022-2023 ДО 2023-2024 ГОДИНА

**Содржина на  самоевалуацијата**


1. Вовед (важност и значење на самоевалуацијата)..........................................................3

2. Мисија и визија ..................................................................................................5

3. Лична карта ………………......................................................................................7

4. Идентфикувања на училиштето ...................................................................... 9

5 Планирање, настава и учење.............................................................................16

6. Постигања на учениците .............................................................................. 31

7. Училишна клима и односи во училиштето...............................................................................131

11.Управување, раководење и креирање политики .......................................................164

**Вовед**

Согласно член 129 од ЗОО (Сл.весник на РСМ бр.161 од 2019 година) во училиштето е изработена Самоевалуација за реализација на програмите за последните две учебни години и тоа: 2022/2023 и 2023/2024 година.

Во спроведувањето на самоевалуацијата беа вклучени наставниците, стручните соработници, директорот, секретарот и техничкиот персонал.

**Внатрешна градба на самоевалуација**

Самоевалуацијата е основен двигател на наставниот процес во функција на доживотното учење и унапредување на квалитетот на образовните постапки на кадарот во училиштето.

Самоевалуацијата е важна бидејќи ги дефинира активностите со цел да изврши поместување на моменталната состојба кон посакуваната цел за подобрување на квалитетот на наставата.

Самоевалуацијата е важна бидејки:

*- Воспоставува подобари основи за навремено планирање и обезбедување на финансиски средства.*

*- Ги развива способностите за поставување на цели и усогласување на ресурсите со можностите.*

*- Ги открива слабите и јаките страни.*

*- Ги идентификува факторите кои влијаат на забавувањето и стратегиите за подобрување на квалитетот во наставата (важноста и значењето на самоевалуацијата).*

Од страна на директорот и стручната служба, наставниците на Наставничкиот совет беа поделени во 4 тима и задачите им беа поделени согласно Индикаторите за самоевалуација. Комисијата ја координираше целокупната работа за изработка на самоевалуацијата. Соработуваѓе со сите тимови со консултации во групи и индивидуално, им даваа напатствија за работа, им пружаа помош во документациајата, изворите на податоци, методите за собирање на информации и учествуваа во одредени активности по подрачја. Директорот соработуваше со тимовите и им ја даваше потребната помош. Наставниците работеа тимски и индивидуално и за своите активности водеа записници.

## Структура на самоевалуацијата

1. Планирање, настава и учење;

2. Постигања на учениците;

3. Училишна клима и односи во училиштето;

4. Управување, раководење и креирање политики.

## Време на спроведување на самоевалуацијата

Самоевалуацијата е за периодот од две наставни години (2022/2023и 2023/2024) согласно Законот за основно образование.(Сл.весник 169 од 5 август 2019 год)

# мисија и визија на училиштето

*Мисија*

НАШЕТО УЧИЛИШТЕ ПРЕТСТАВУВА ЗДРАВА И ПРИЈАТНА СРЕДИНА, ВО КОЈА СЕ ЕДУЦИРААТ УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ, ИНТЕРАКЦИЈА И ДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО- ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС КАДЕ ШТО УЧЕНИКОТ Е ГЛАВЕН СУБЈЕКТ НА СИТЕ АКТИВНОСТИ, А СО СВОИТЕ СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ, СПОСОБНОСТИ И СФАЌАЊА УСПЕШНО ЌЕ СЕ ИНТЕГРИРА И ИНКЛУЗИРА ВО ЕДНО МУЛТИКУЛТУРНО ОПШТЕСТВО.

*Визија*

СО ЗАЕДНИЧКИ СИЛИ СЕ СТРЕМИМЕ КОН ПОДОБРА ИДНИНА: ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ СРЕДСТВА, УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЧКИОТ КАДАР И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА КЛИМА ВО УЧИЛИШТЕТО КАДЕ СЕКОЈ ОД НАС ЌЕ СЕ НАЈДЕ СЕБЕ СИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ВОСПИТНИОТ И ЕДУКАТИВЕН ПРОЦЕС И КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ РАЗВИВА ДРУЖЕЊЕТО И СОЖИВОТОТ МЕЃУ СИТЕ УЧЕНИЦИ БЕЗ РАЗЛИКА НА НИВНАТАВОЗРАСТ,СПОСОБНОСТ,СЕКСУАЛНА ОРИЈЕНТАЦИЈА, РАСА, СОЦИО-ЕКОНОМСКОТО ПОТЕКЛО, РЕЛИГИЈА , РОДОВА, И ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ.

## Општи податоци за училиштето:

ООУ,,Војдан Чернодрински"- Скопје има статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од I - IX одделение.

Училиштето е изградено во далечната 1955 год. и е најстаро училиште на територијата на општината Карпош. Во 1964 година заради потребите од проширување училиштето добива уште една зграда. Во времето кога е формирано го носи името „29 Ноември“ за да по осамостојувањето на Република Македонија се преименува во основно училиште „Војдан Чернодрински“ - Скопје. Од пред четиринаесет учебни години училиштето добива статус на општинско основно училиште и е под ингеренции на општина Карпош.

За период 65 години постоење, исполнети со плодотворна работа, училиштето образувало и воспитувало голем број ученици кои живеат на територија на населбите Тафталиџе 1 и Козле.

## Мапа на основното училиште




## 1.1.Табела со општи податоци

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Војдан Чернодрински”- Скопје |
| **Адреса, општина, место** | Ул.„Дрезденска“ 3 Карпош, Скопје |
| **Телефон** | 02-3066-610 |
| **Фах** | 02-3061-922 |
| **Веб страница** | ООУ,, Војдан Чернодрински” |
| **Е-маил** | vojdancernodrinski@yahoo.com |
| **Основано од** | 25.07.1955 |
| **Верификација - број на актот** | 11-587/86 |
| **Година на изградба** | 1955 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | 1955-1964 |

| | |
|---|---|
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Внатрешна површена на училиштето(m2)** | P=6971m2 |
| **Училишен двор (m2)** | P=3578m2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | Сала P=500 m2; Фудбалско игралиште P=700 m2; Кошаркарско игралиште P=300 m2. |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно парно греење |
| **Училиштето работи во смени** | Да |
| **Број на паралелки** | 22 |
| **Број на комбинирани паралелки** | / |
| **Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | / |

| | |
|---|---|
| **Во основното училиште има паралелки од музичко училиште** | / |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | / |

Податоци за училишниот простор

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 0 |
| **Бруто површина** | P =11239 m2 |
| **Нето површина** | P= 7162 m2 |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 3 |
| **Број на училници** | 23 |
| **Број на помошни простории** | 9 |
| **Училишна библиотека,медијатека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно парно греење |

## 2.3. Простор

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина** | **Состојба (се оценува од 1 до 5,согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории,реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 11 | 48m2 | 4 | 1 |
| Кабинети | 12 | 48m2 | 4 | / |
| Библиотека | 1 | 12m2 | 4 | / |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 500m2 | 5 | / |
| Канцеларии | 5 | 19m2 | 5 | / |
| Училишен двор | 1 | 3578m2 | 5 | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | / |
| Кујна | 1 | 30m2 | 5 | / |
| Трпезарија | 1 | 34m2 | 5 | / |
| Друго Помошни простории | 9 | 16m2 | 4 | / |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Предмети по наставен план и програма | Графоскоп 1<br>TV-приемник 4<br>Видео1<br>LCD- проектор7<br>Комјутери 32<br>Монитори 67<br>X-BOX 130<br>Ученички лаптопи 18<br>Штампачи со скенер2<br>Комјутер за секое дете22 | Смарт-табла, Лектирни изданија од 6 до 9 одделение, Лап-топ, Правопис на македонскиот јазик-најново издание, Лексикони од областа на јазикот и литературата<br>Смарт интерактивна табла , Звучници за компјутер 50Wats- 1 пар , Палки за тапани А5 – 10 пара<br>Мал CD – Player за слушање на цедиња на кои се снимени наставните единици |

| | | |
|---|---|---|
| | Скенер 2 | кои се обработуваатЛЦД – проектор, проектор, прирачници, лексикони, образовни филмови, постер со дропки ( еквивалентни), шестар, различни видови на линијари, постер со примери за плоштина и обиколка, разни видови ваги, мензури,Постер со човечки скелет, човечки скелет,постер со скелети од животни ( водни, сувоземни), постери со видови живеалишта, постери со слики – магнети, модел отворено и затворено струјно коло, модел на електрична струја, постер со видови звуци, научни филмови од различни области, Документарни филмови за природните богатства на Македонија, за живиот свет во Македонија, ЦД со одбрани детски песни, ЦД со различни видови музика ( сериозна, народна, забавна) според наставните содржини, музички инструменти прилагодени за ученици, постери со музички инструменти, табла со петтолиние, топки, обрачи, јажиња, чуњеви, Звучници за компјутер 1 пар ,Музички систем цд плеер - 1, Вага со тегови - 5, Садови за зафатнина – 5, Метро – 5, Голем сет домино -5, 2Д и 3 Д форми – 10, Песочни часовници – 5, Книги со звуци , книги со приказни за светлина и темнина, Лупи – 20, Книги за растенија – 5, Пластичен зеленчук – 5, Пластично овошје – 5, компјутер, терезија, мензури за мерење волумен |
| | Штампач 5<br>Таблети 20 | |
| | CD-касетофон5 | |
| | Разглас 1 | |
| | Лаптоп10 | |
| | Смарт табли со прожектори (комлет)<br>5 | |

## 2.5. Податоци за училишната библиотека

| **Реден број** | **Библиотечен фонд** | **Количество** |
|---|---|---|
| 1 | Вкупен број на книги | 10335 |
| 2 | Стручна литератур | 80 |

| | |
|---|---|
| | а |
| 3 | Лект |
| 4 | Оста |
| 5 | Учеб |

Податоци за учениците во основното училиште

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците 2022-23 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| I | 3 | 63 | 34 | 29 | | | | | | | | |
| II | 2 | 53 | 29 | 24 | | | | | | | | |
| III | 3 | 57 | 30 | 26 | | | | | | 1 | | |
| I-III | 8 | 173 | 93 | 79 | | | | | | 1 | | |
| IV | 3 | 71 | 42 | 28 | | | | | | 1 | | |
| V | 2 | 55 | 36 | 19 | | | | | | | | |
| IV-V | 5 | 126 | 78 | 47 | | | | | | 1 | | |
| VI | 2 | 54 | 32 | 20 | | | | | | | 1 | 1 |
| VII | 3 | 69 | 31 | 38 | | | | | | | | |
| VI-VII | 5 | 123 | 63 | 58 | | | | | | | 1 | 1 |
| VIII | 3 | 65 | 27 | 38 | | | | | | | | |
| VII-VIII | 6 | 134 | 58 | 76 | | | | | | | | |
| IX | 2 | 57 | 29 | 28 | | | | | | | | |
| VIII-IX | 5 | 122 | 56 | 66 | | | | | | | | |
| VI–IX | 10 | 245 | 119 | 124 | | | | | | | | |
| I – IX | 23 | 544 | 290 | 250 | | | | | | 2 | 1 | 1 |

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците 2023/2024 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| I | **2** | **55** | **27** | **28** | | | | | | | | |
| II | 3 | 63 | 34 | 29 | | | | | | | | |
| III | 2 | 53 | 29 | 24 | | | | | | | | |
| I-III | 7 | 171 | 90 | 81 | | | | | | | | |
| IV | 3 | 57 | 30 | 26 | | | | | | 1 | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | 3 | 71 | 42 | 28 | | | | | | 1 | | |
| VI | 2 | 55 | 36 | 19 | | | | | | | | |
| IV-VI | 8 | 183 | 108 | 73 | | | | | | 2 | | |
| I-V | 13 | 299 | 162 | 135 | | | | | | 2 | | |
| VII | 2 | 54 | 32 | 20 | | | | | | | 1 | 1 |
| VIII | 3 | 69 | 31 | 38 | | | | | | | | |
| IX | 3 | 65 | 27 | 38 | | | | | | | | |
| VII-IX | 8 | 188 | 90 | 96 | | | | | | | 1 | 1 |
| VI-IX | 10 | 243 | 126 | 115 | | | | | | | 1 | 1 |
| I-IX | 13 | 542 | 288 | 250 | | | | | | 2 | 1 | 1 |

## Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| **Кадар** | **Вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Срби** | | **Други** | |
| | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Број на вработени** | 51 | 6 | 42 | / | 1 | / | 2 | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 37 | 5 | 30 | / | / | / | 2 | / | / |
| **Број на воспитувачи** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 4 | / | 4 | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 2 | / | 2 | / | / | / | / | / | / |
| **Помошно-технички кадар** | 7 | 1 | 5 | / | 1 | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Помошник директор** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Образовни медијатори** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Последипломски студии – втор циклус | 7 |
| Високо образование | 34 |
| Виша стручна спрема | 2 |
| Средно образование | 7 |

| Основно образование | 1 |
|---|---|

**Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2022-23 | | | | | |
| | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 543 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 37 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2023-24 | | | | | |
| | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 546 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 37 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Број на ученици: 543 во 2022/23 година- распределени во 23 паралелки**

- Училиштето има програма, но нема доволно развиен систем на наградување на учениците , нивните ментори и нивно промовирање
- Постои потреба од подетално обучување на наставниците за користење на е алатки за оценување;

| |
|---|
| • Мал број од учениците и родителите се изјасниле дека не се запознаени со критериумите на оценување |
| **Приоритети**<br><br>- Да се изгради систем за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси.<br>- Подобрување на постигањата по одредени предмети кај учениците од седмо одделение и осмо одделение. |

## Подрачје 3. Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори** |
|---|
| **Училишна клима и односи во училиштето**<br>**Еднаквост и правичност**<br>**Партнерски однос со заедницата**<br>**Севкупна грижа за учениците** |

| **Работна група** |
|---|
| Јелена Андреевска (координатор),<br>Надица Митевска,<br>Никола Панчевски,<br>Марина Јачовска,<br>Тијана Бајрактарска,<br>Елена Смугревска и Лидија Софрониевска, како и Јасмина Бошевска Миновска (заменик координатор),<br>Јелена Зврцинова, Павлинка Манолева Иванова, и Елизабета Милева Бакија |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1** Училишна клима | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување;<br><br>анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br><br>педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br><br>статут на училиштето;<br><br>куќен ред на училиштето;<br><br>пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br><br>досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи) | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето во локалната средина е препознатливо по високиот квалитет во работењето, по постигањата на учениците во најразлични области кон кои е насочен нивниот интерес, како и по напорите за остварување на мисијата и визијата на училиштето.<br><br>Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците. Согласно законската регулатива ја поддржува инклузијата, а ја промовира родовата сензитивност и мултикултурализмот.<br><br>Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, како еден од основните услови за добра и позитивна атмосфера во училиштето, која се пренесува и на родителите и останатите посетители. |
| | Кодекс на однесување | Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовитеи за времена одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки ,пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување;<br><br>куќен ред на училиштето; | Училишна клима | Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки и на учениците и родителите и тие се чувствуваат безбедни и прифатени. |
| Кодекс на однесување;<br><br>куќен ред на училиштето;<br><br>анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; | Поведение и дисциплина во училиштето | Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето.<br><br>Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошка мерка. |
| решение за формирање на ученички парламент и избор на ученик правобранител;<br><br>програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br><br>анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето (во училишта на повеќе наставни јазици) и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот |

| | | |
|---|---|---|
| | | парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.<br><br>Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор.<br><br>Ученичкиот парламент на училиштето го сочинуваат претставници на паралелките, односно Претседател на паралелката,заменик претседател и Правобранител(детски)и истиот Ученички парламент работи согласно програмата за работа и се состанува секој месец.На состаноците учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање проблеми кои се од нивен интерес.Организирана е работилница од страна на стручните соработници на тема “Како можам да учествувам во донесување одлуки во училиштето“.На почетокот на учебната година направено е истражување во врска со семејното, и меѓуврсничкото насилство во кое беа опфатени ученици, наставници и родители . Резултатите беа презентирани пред Советот на родители и пред Ученичкиот парламент.<br><br>Како резултат на тоа и на се почестите насилни однесувања на младите во општеството<br><br>Изготвен е Правилник за ненасилство во училиштето од страна на Ученичкиот парламент кој е усвоен од Советот на родители и Училишен одбор.Целта на овој правилник е учениците по пат на демократија , своеволно, без казни и закани да ги усвојат и применуваат вистинските вредности со кои треба да се одликува една |

| | | |
|---|---|---|
| | | личност, да бидат дружељубиви, емпатични хумани, да ја разберат суштината на соживотот на хуман начин без насилство.Со таа цел<br><br>членовите на Ученичкиот парламент организираат и спроведуваа предавања и работилници со учениците од сите одделенија каде што се разговара за ученичко насилство, видовите и нивоата и како да се превенира истото.<br><br>Исто така училиштето има свој плакат со слоганот ,,Зошто да се бориме кога може да се договориме,, Тоа е цртежот кој освои прво место на на ликовниот конкурс кој го организираше и спроведе Ученичкиот парламент. |
| **Индикатор 3.2** Еднаквост и правичност | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br><br>извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките;<br><br>записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција;<br><br>дневник за работа на стручните соработници;<br><br>оперативен план за наставен | Познавање и почитување на правата на децата | Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. За правата на учениците, но и за нивните обврски се информираат и родителите на редовните родителски средби. Во случај на прекршување на детските права, училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции, и во согласност на потребите тоа и го прави.<br><br>Нашите ученици учествуваат и во спортските натпревари што ги организира локалната самоуправа на кои секоја година сме закитени со некој златен пехар.<br><br>Сите вработени во |

| | | |
|---|---|---|
| час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата.Преку работата на Ученички парламент и на часовите на одделенската заедница , учениците се запознаваат со нивните права и начините на кои истите можат да ги практикуваат и заштитуваат. |
| Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br>извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките;<br>записници од работата на ТУИ- Тимот за училишна интеграција;<br>дневник за работа на стручните соработници;<br>оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Во училиштето се води грижа за еднаков третман на сите ученици независно од возраста, полот, етничката припадност, религијата, социјалното потекло и способностите. Учениците подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, можности и вештини.<br>Формиран е и тим за ИОП, тој тим подготви програма за следење на активностите на ниво на цело училиште за учениците со посебни образовни програми. Преку организирани предавања и стручни консултации, со помош на тимот за инклузивно образование, се работи на примена на инклузивноста во наставата и изработка на индивидуални планови за работа со деца со тешкотии во наставата и во подготовка на инструменти за нивно следење и оценување.<br>Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува , како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности.Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на |

| | | |
|---|---|---|
| | | литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Седум ученици од деветo одделение, од нашето училиште заедно со супервизорот Марија Цакиќ, беа учесници на Интеркултурна размена во Детското село Песталоци, Троген во Швајцарија. Нашите ученици се здобија со знаења и вештини поврзани со правата на децата, комуникација, анти-дискриминација, меѓусебно разбирање, почитување и толеранција на вредностите помеѓу различни култури.<br><br>Учениците учествуваа во проект-работилници на тема,,Емоционална писменост и интелигенција,, . Имаа можност креативно да се изразуваат, да играат игри, се обработуваа многу поучни приказни од Филмска продукција ,, PIXAR,,. Нашето мото како училиште е – „За разбирањето на себеси неопходно е да ги разбереме своите емоции, а тоа ќе ни овозможи да ги разбереме и другите околу нас“.<br><br>Училиштето доби грант од МОН на тема – „Развој и унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција и толеранција“. Истиот се реалиираше со партнер училиштето „Кемал Ататурк“ од |

| | | |
|---|---|---|
| | | с.Количани. Во заедничка соработка се организираа и релизираа четири работилнци. |

| **Индикатор 3.3** Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>записници од советот на родители и родителски средби;<br>анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br>анкета/интервју со претставник на локалната заедница;<br>статут на училиштето;<br>интернет- страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;<br>извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница;<br>документација за добиени спонзорства и донации | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Со Законот за основно образование на РСМ се уредува соработката меѓу училиштето и родителите. Соработката помеѓу училиштето и родителите се планира во Развојната програма на училиштето, Годишната програма на училиштето, Програмата на Училишниот одбор, Програмата на Советот на родители, Годишните програмите на секој наставник. Соработката со родителите се реализира во текот на училишната година, која има за цел да воспостави взаемна почит и соработка помеѓу училиштето и родителите, а успешната соработка помеѓу училиштето и родителите е од голем интерес за учениците. Програмата за соработка со родителите се реализира во училиштето според препораките на МОН. Програмата позитивно влијае во давањето на помош на родителите во справувањето со училишни потешкотии. Училиштето има развиено добра соработка со родителите на учениците. Родителските средби се испланирани уште на почетокот од учебната година во годишната програма на училиштето и на наставниците и се реализираат во текот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | годината. Одделенските наставници реализираат по 5 (пет), а по потреба и повеќе заеднички родителски средби. Родителите на родителските средби добиваат информации за успехот и дисциплината на учениците, како и за активностите кои се спровеле, кои се во тек, како и за понатамошни активности што се планираат да се реализираат. Секој наставник има и приемен ден еднаш неделно, кога родителите можат да се видат со наставниците и да ги добијат сите потребни информации за нивното дете. Покрај личните родителско-наставнички средби, родителите добиваат информации и преку Е-дневникот и веб страната на училиштето.<br><br>Советот на родители работи врз основа на Програмата на Советот на родители,а Донесува одлуки според Законот за основно образование и Статутот на училиштето .Кога училиштето донесува Одлуки за кои е потребна согласност од родителите, Училиштето бара мислење од Советот на родителите. Предлозите, приговорите, Жалбите упатени кон Советот на родители, се разгледуваат во законски определениот рок. Програмата за работа на Советот на родители се реализира во Согласност на утврдената динамика. Родителите се запознати со работата на Советот на родители преку родителските средби. Советот на родители е конструиран според Законот за основно образование, а одлуките ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | носи според Правилникот за работа. Програмата на Советот на родители што се изработува е според Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Од записниците може да се заклучи дека донесените Одлуки за кои е потребна согласност од родителите (како што се маршутите за екскурзии и сл.), училиштето ги носи во согласност на членовите на Советот на родители. По извршениот увид во изворите на податоци може да се согледа дека Програмата за работа се реализира во согласност на утврдената динамика. Училиштето спроведува образовни работилници и трибини на кои родителите земаат активно учество. Родителите исто така се вклучени во воспитно – образовниот процес преку стручна и техничка помош. Родителите активно учествуваат во работата и животот на училиштето. Училиштето ја следи, анализира и вреднува реализацијата на планираната програма на вклученоста на родителите во работата и живот во училиштето. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето изработува план за соработка со локалната средина и добива конкретна Помош од неа. Училиштето соработува со други воспитно-образовни институци, културни, спортски и хуманитрни институции и установи. Локалната средина учествува во креирањето на годишната програма на училиштето. Училиштето соработува со следниве |

| | | |
|---|---|---|
| | | институции од Локалната средина: Локална самоуправа, МОН, БРО, МВР, Центар за социјална работа, Црвен крст, Информативните медиуми, Културни институции (Кинотека на РСМ, театри, кина, библиотеки, музеи) , Училишниот диспанзер – Карпош и други здравствени домови, како и со други воспитно-образовни институции. Голем број на активности од делот на инфраструктурата се реализирани во училиштетето од страна на Локалната самоуправа (спортското игралиште во училишниот двор, уредувањето на зелените површини на училишниот двор, тоалетите кај намалите ученици и сл.). Училиштето учествува и на многу манифестации под покровителство на Локалната самоуправа. |

| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување;<br>куќен ред на училиштето;<br>набљудување на условите во училиштето;<br>протокол за превенција и заштита од насилство;<br>анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>записници од советувања;<br>извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>записници од советот на | Превенција и заштита од насилство | Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата грижејќи се за нивните права, приватност идостоинство. Училиштето има програми и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/ емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство. Училиштето ги координира активностите за заштита и безбедност на учениците со институциите на локалната заедница и ги запознава жртвите на насилство со нивните права и |

| | | |
|---|---|---|
| родители и родителски средби;<br><br>анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br><br>педагошка евиденција и документацијата;<br><br>организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.;<br><br>записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | процедури за поднесување поплаки, а во случај на поплака училиштето постапува навремено и непристрасно. Наставниците и стручната служба секојдневно на часовите и надвор од нив работат на подобрувањето на училишната клима и односите помеѓу учениците. Училиштето исто така има донесено кодекс за однесување во кој строго е забранет некоректеноднос помеѓу учениците. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известува и соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и Здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родителите и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.<br><br>Исто така тука се и Конвенцијата за Правата на Децата и Одредбата од законот каде што се забранува секаков облик на насилство и часовите предвидени во годишните програми наанаставниците од проектот Спречување на насилството во училиштето. |

| | |
|---|---|
| Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето има политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол, дистрибуција и употреба на наркотични средства кое подразбира дека во училиштето не се пуши, не се конзумира алкохол, не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во прилог на сето ова во просториите на училиштето се истакнати плакати за забрана и штетност од пушење, алкохол и употреба на наркотични средства. Истото до сега не е забележано како појава. Стручната служба одржува предавања и презентира пропаганден материјал за штетноста од конзумирање на цигари, алкохол и дрога за да им ги предочи на учениците последиците од овие пороци. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.<br><br>Одделенските раководители посветуваат по неколку одделенски часови на овие теми во тек на учебната година. Исто така се одбележуваат сите денови на глобално ниво за борба против овие пороци со соодветни предавања од страна на учениците и наставниците според календарот за одбележување на овие денови. Во училиштето на оваа тема се реализираат предавања од страна на претставници – волонтери на општинската организација на Црвен Крст –Општина Карпош**.** |

| | |
|---|---|
| | |
| Квалитет на достапна храна | Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците, фирмата што ја произведува и доставува храната. Има доставено документи (ХАСАП систем) со кои се гарантира квалитетот на храната. Во прилог на квалитет на храната училиштето остава секојдневно по еден примерок од ужинките како мостра. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана под мотото „Здрава храна за детство без мана“ во рамки на која во одреди одделенија секојдневно учениците јадат по едно парче овошје и зеленчук. Списокот на ученици кои се хранат преку училиштето се наоѓа кај одговорниот (домаќинотнаучилиштето).<br><br>Во рамките на предметото „Вештинизаживеење “ се одржуваат практични часови за подготовка на здрава храна. Согласно Еко-програмата во сите одделенија учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје.Училиштето нема изготвено програма за контрола на квалитет на храната. |
| Хигиена и заштита од болести | Во училиштето редовно се вршат контроли на хигиената од страна на овластена санитарна инспекција. Преку записниците од соодветната служба се доаѓа до сознанија за хигиената во училиштето дека делумно е на задоволително ниво. Ходниците, |

| | |
|---|---|
| | скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор се чистат неколку пати во денот. Дворот на училиштето е чист со поставени корпи за отпадоци. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвенатар најмалку по два пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чисто од секаков вид отпадоци за време на наставата и сите земјани површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Училиштето за превенција од заразни болести има изготвено и поставено на соодветни места (вохоловите и тоалетите) плакати за одржување на личната хигиена на учениците. Училиштето соработува и со здравствените установи со цел на време да се откријат и заштитат некои заболувања и физички деформитети на учениците. |
| Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Училиштето има пропишано мерки (куќен ред) за активности и безбедност на учениците и вработените во текот на работниот ден во училишната зграда и училишниот двор. Секое одделение има истакнато Кодекс на однесување на учениците. Училиштето има пишан документ (Кодекс на однесување на учениците и наставниците) во кој |

| | |
|---|---|
| | се дефинирани сите форми на однесување на децата и возрасните. Документот е достапен за сите вработени во училиштето, учениците и родителите. Училиштето има интерен акт за постапување при елементарни непогоди. Со истиот се запознаени сите вработени и ученици и согласно правилникот би постапиле во случај на елементарна непогода. Исто така училиштето е опремено со прибор за прва помош, кој би се употребил доколку би дошло до повредана некој од учениците. Во училиштето има поставено апарати за против-пожарна заштита. Се одржуваат предавања за заштита од разни елементарни непогоди како земјотреси, поплави, пожар и др. Се реализираат редовни дежурства од страна на наставниците на влезната врата и во ходниците за време на одморите. Во училиштето има сертифициран обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди Училиштето најмалку еднаш годишно изведува симулација.Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани. Нашето училиште има обезбедено постојано физичко обезбедување во текот на целиот ден. |
| Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето води грижа за учениците кои потекнуваат одсоцијално загрозени семејства преку:<br><br>- обезбедување материјални средства за нормално следење на |

| | |
|---|---|
| | наставата;<br><br>- изготвување список на социјално загрозени ученици кој се наоѓа кај педагогот на училиштето;<br><br>- се соработува со родителите, локалната заедница и со други соодветни институции (центар за социјална работа, хуманитарни организации и друго.)<br><br>Училиштето изнаоѓа методи да им помогне на учениците одсоцијално загрозени семејства, со тоа што им ги покрива трошоците за ужинка од сопствени извори или во соработка со набавувачот и при учеството во воннаставните активности (екскурзии,приредби,натпревари) |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми | Во нашето училиште во моментов немаме ученици со телесни пречки во развојот. Училиштето нема пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. |
| Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејство). Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. (здравствени установи, Центар за социјална работа, полиција, граѓански здруженија итн). Преку разговори од страна на одделенски |

| | | |
|---|---|---|
| | | раководител, наставниците, стручните соработници и родителите, се откриват учениците кои имаат емоционални потешкотиии се упатуваат до релевантни институции со кои училиштето редовно соработува како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и други институции. Од педагошко-психолошката служба можат да добијат стручна помош, информација во врска со воспитно-образовната работа или решавање на проблеми актуелни за нивната возраст – всушност педагогот и психологот вршат советодавна инструктивна работа со учениците. Најнапред се води разговор со ученикот кој има проблем. Зависно од тоа дали е проблемот во врска со некаков конфликт со друг ученик, нередовност во наставата, несоодветно однесување со училишниот инвентар – соодветно се разговара со ученикот. Исто така ваква информација им се дава и на родителите. Се повикуваат родителите на разговор од страна на педагогот, психологот и одделенскиот раководител и се запознаваат со проблемот кој го има ученикот, отворено се разговара со родителот и понатаму се превзема мерки за подобрување и решавање на проблемот. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето на учениците навремено им обезбедува јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, усовршување или вработување по завршувањето на основното/средното образование опфаќа широк спектар на добро структурирани активности, (самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработката на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа). Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што може да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Стручната служба редовно спроведува тестирање за професионална ориентација на учениците и им помага во професионалното насочување. Инклузивниот тим работи на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби.Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на машките и женските ученици, така што ги информира за мрежата на средни училишта во Републиката и условите за упис во истите, им овозможува директна средба со професори од други училишта кои вршат презентација на своите училишта. |

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Одговорни за собирање на информации | Обработени информации |
|---|---|---|
| Прашалник за наставници | Јасмина Бошевска Миноска<br>Јелена Андреевска<br>Надица Митевска<br>Јелена Зврцинова | • 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: „ Кон учениците се однесувам со почитување“, а 34% делумно се согласуваат.<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: „ Ги разбирам проблемите и потребите на учениците “, а 34% се согласуваат.<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето Редовно ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | пофалувам учениците за вложениот труд “, а 34% се согласуваат делумно.<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка., а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: За време на моите часови има добра работна атмосфера., а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Добро соработувам со колегите во училиштето, а 34% делумно се согласуваат<br>• 100% од наставниците се согласуваат со тврдењето: Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство, а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес, а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман, а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности, а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците се согласуваат со тврдењето: Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од |

| | | |
|---|---|---|
| | | пушење.алкохол и дрога, а 34% не се согласуваат<br>• 33% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите, 33% делумно се согласуваат, а 34% не се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки, а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам, а 34% делумно се согласуваат<br>• 66% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето: Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците, а 34% делумно се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за ученици | Никола Панчевски<br>Марина Јачовска<br>Тијана Бајрактарска | • На тврдењето: Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси 30% целосно се согласуваат, 40% делумно се согласуваат, 10% не се согласуваат а 20% немаат одговор/информација.<br>• На тврдењето: На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи) 60% целосно се согласуваат, 30% делумно се согласуваат, а 10% не се согласуваат.<br>• 60% целосно се согласуваат со тврдењето: Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари, 20% делумно се согласуваат, а 20% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 60% целосно се согласуваат со тврдењето: Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти, додека 40% делумно се согласуваат.<br>• 60% целосно се согласуваат со тврдењето: Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена, 20% делумно се согласуваат, а 20% немаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговор/информација/не знаат.<br>• 30% целосно се согласуваат со тврдењето: Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување, 50% делумно се согласуваат, а 20% не се согласуваат.<br>• 80% целосно се согласуваат со тврдењето: Наставниците ме пофалуваат за мојот труд, 50% делумно се согласуваат, а 20% делумно се согласуваат<br>• 50% целосно се согласуваат со тврдењето: На часовите можам слободно да кажам што мислам, 30% делумно се согласуваат, а 20% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 60% целосно се согласуваат со тврдењето: Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех, 30% делумно се согласуваат, а 10% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• Од вкупниот број анкетирани ученици 50% во училиштето се чувствуваат прифатено од другите ученици, а 50% делумно се согласуваат со ова тврдење.<br>• Од вкупниот број анкетирани ученици 70% во училиштето се чувствуваат прифатено од наставниците, а 30% делумно се согласуваат со ова тврдење.<br>• На тврдењето: Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми 50% целосно се согласуваат, 40% делумно се согласуваат, а 10% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• На тврдењето: Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права 50% целосно се согласуваат, 40% делумно се согласуваат, а 10% не се согласуваат.<br>• Од вкупниот број анкетирани ученици 40% сметаат дека можат слободно да бараат совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето, 30% делумно се согласуваат со ова тврдење, 10% не се согласуваат, а 20% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• Од вкупниот број анкетирани ученици 70% сметаат дека во училиштето добиваат поддршка и помош при решавање на некој проблем, додека 30% делумно се согласуваат.<br>• Од вкупниот број анкетирани ученици 70% целосно се согласуваат со тврдењето: Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето, додека 30% делумно се согласуваат.<br>• На тврдењето: Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство 50% целосно се согласуваат, 30% делумно се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат, а 20% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 30% целосно се согласуваат со тврдењето: Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, 40% делумно се согласуваат, а 20% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• Од вкупниот број на анкетирани ученици 50% делумно се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно, 40% не се согласуваат, а 10% воопшто не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за родители | Павлинка Манолева Иванова<br><br>Елизабета Бакија Милева<br><br>Дијана Петкова | • Од вкупниот број на анкетирани родители/старатели 50% сметаат дека училиштето е безбедна средина за неговото дете, 46% делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат.<br>• 89% од родителите се согласуваат со тврдењето: Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште, 7% делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат.<br>• 43% сметаат дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности, 39% делумно се согласуваат со ова тврдење, а 18% не се согласуваат.<br>• 93% се изјасниле дека континуирано се информирани за редовноста на своето дете, а 7% делумно се согласуваат со ова тврдење.<br>• 68% се изјасниле дека се запознаени сум кодексот на однесување во училиштето, 21% делумно се согласуваат, 7% не се согласуваат, а 4% воопшто не се согласуваат со ова тврдење.<br>• Со тврдењето: Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување 25% целосно се согласуваат, 39% |

| | | |
|---|---|---|
| | | делумно се согласуваат, 18% не се согласуваат, 7% воопшто не се согласуваат, а 11% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• Со тврдењето: Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците, 96% целосно се согласуваат, а 4% делумно се согласуваат.<br>• Од вкупниот број анкетирани родители 39% сметаат дека училиштето добро се справува со дисциплината, 43% делумно се согласуваат, 14% не се согласуваат со ова тврдење, а 4% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 32% се согласуваат со тврдењето: Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето , 32% делумно се согласуваат, 11% не се согласуваат, 14% воопшто не се согласуваат, а 7% немаат информација.<br>• Со тврдењето: Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго, 82% целосно се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, 4% не се согласуваат.<br>• 28% од анкетираните сметаат дека Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, а 43% се согласуваат со ова тврдење.<br>• 32% од анкетираните родители сметаат дека нивните мислења и ставови на за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, 46% делумно се согласуваат, 7% не се согласуваат, 4% сметаат дека нивните ставови не се почитуваат, а 11% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 21% се изјасниле дека се целосно Запознаени со |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство, 43% се запознаени, 11% не се запознаени, 7% воопшто не се запознаени, додека 18% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 35% сметаат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, 32% се согласуваат со ова тврдење, 4% не се согласуваат, 4% воопшто не се согласуваат, додека пак 25% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 21% од анкетираните сметаат дека Училиштето добро се справува при појава на насилство, 39% се согласуваат со ова тврдење, 11% не се согласуваат, 4% воопшто не се согласуваат, додека пак 25% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 28% од родителите сметаат дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога, 21% се согласуваат, 4% сметаат дека не се преземаат мерки, додека пак 46% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• 21% сметаат дека хигиената во училиштето е на високо ниво, 43% делумно се согласуваат, 21% сметаат дека хигиената не е на завидно ниво, 11% воопшто не се согласуваат дека хигиената е на високо ниво, додека пак 4% немаат одговор/информација/не знаат.<br>• Од вкупниот број анкетирани 67% сметаат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивното дете, а 32% се согласуваат со ова тврдење.<br>• 46% сметаат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете, 50% делумно се согласуваат, а 4% немаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговор/информација/не знаат.<br>• 21% сметаат дека Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, 32% делумно се согласуваат со ова тврдење, 4% не се согласуваат, додека пак 43% немаат одговор/информација/не знаат. |

Опис/резиме на подрачјето

Согласно ресурсите со кои располага, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците. Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците. Училиштето има Кодекс на однесување кој се однесување на сите структури:ученици, вработени (наставници,стручни соработници, технички персонал) и родители.Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.Во неговата изработка учествуваат претставници од сите структури. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки и на учениците и родителите. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето Училиштето има изготвено Правилник за наградување на учениците. Сите ученици кои покажуваат одредени резултати се мотивираат со соодветна награда.Во училиштето се реализираат многу интерни проекти, Како Училиштето место за “Љубов и соработка“, “ Големите ученици им помагаат на помалите,, , “Ненасилно однесување“преку кои се поттикнуват учениците за почитување, емпатија љубов и соработка. Ученичкиот парламент на училиштето кој го сочинуваат претставници на ученичките заедници на паралелките работи согласно Правилникот и програмата за работа и се состанува секој месец.На состаноците учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање проблеми кои се од нивен интерес.

Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува,како преку редовната настава, така и преку вонннаставните активности. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво и за тоа има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори.

Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Учениците се запознаваат со нивните права и начините на кои истите можат да ги практикуваат и заштитуваат.На родителите на учениците исто така им е овозможено да се запознаат со правата на нивните деца преку документацијата која училиштето ја има и промовира. Постои соработка со родителите и наставиците, како и стучната служба во училиштето, со цел поттикнување правилен развој на нашите деца која се остварува преку разноврсни средби, советувања, разговори , и договори.Триаголникот наставник-родител ученик во нашето училиште е на завидно ниво.Преку разновидни активности, а посебно преку активностите од проектот за “Меѓуетничка интеграција во образованието“ учениците имаат можност да се запознаваат и да ги почитуваат како

сопствената,така и традицијата и културата на другите етнички заедници во Р.С Македонија.

